Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-427/3
17-10-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 427/1 од 22.08.2022 година, поднесена од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ" бр. 258/2020) на 17.10.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08-427/1 од 22.08.2022 година, поднесена од [redacted] со адреса [redacted] Гевгелија **поради неуредност.**

### Образложение

На 22.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted]

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 20.09.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање бр. 08-427/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе податоци за лицето против кое се поднесува претставката, како и јасно наведени релевантни околности и факти од кои јасно ќе се увиди противправното дејствие за сторена дискриминација.

Од причини што подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
17.10.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател,
Исмаил Камбери